**САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**INDEPENDENT TRADE UNION OF THE EMPLOYEES IN THE UNIVERSITY CLINICS, CENTERS, CLINICAL HOSPITALS AND OTHER PUBLIC HEALTH INSTITUTIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA**

# Што е КОВИД-19?

КОВИД-19 е заболување предизвикано од SARS-CoV-2 , вирус од фамилијата Коронавирус, првично откриен во Кина во декември 2019 година. Вирусот е причинител на акутно вирусно респираторно заболување. Преносот од човек на човек е можен, преку допир и преку капков пат (кивање, кашлање и слично).

Првичните искуства покажуваат дека постарите лица и хронично болните се изложени на поголем ризик од компликации и тешки форми на заболувањето. Периодот на инкубација на вирусот е најмногу 14 дена, во кој заразените лица не покажуваат симптоми, но можат да го пренесат вирусот на други лица.

Сите патници кои доаѓаат од земјите со висок и среден ризик треба да се задржат во само-изолација од 14 дена во нивниот дом и да пријават на надлежните доколку почувствуваат симптоми.




Ул. Мајка Тереза бр. 17, Скопје,
Република Северна Македонија
Тел/факс + 389 (0)2 3 147 116

st. Majka Teresa 17, Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel/fax + 389 (0) 2 3147 116

САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КЛИНИКИ, ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

INDEPENDENT TRADE UNION OF THE EMPLOYEES IN THE UNIVERSITY CLINICS, CENTERS, CLINICAL HOSPITALS AND OTHER PUBLIC HEALTH INSTITUTIONS IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

## Кои се симптомите на заболувањето со КОВИД-19?

Првичните симптоми кои се јавуваат кај лицата заразени со вирусот КОВИД-19 се:

1. Треска и висока температура;
2. Тешка кашлица;
3. Отежнато дишење.

Болеста може да предизвика сериозни компликации кои може да ја нарушат функцијата на:

- органите за дишење;
- кардиоваскуларниот систем;
- на бубрезите.

Болеста може да варира од лесна до тешка форма, со можни фатални последици.

Лекувањето на заболените е палијативно и симптоматско.

Во овој момент не е достапна антивирусна терапија, ниту пак вакцина за превенција од заболување со КОВИД-19.

## Како да се заштитите од заболувањето со КОВИД-19?

- Мијте ги рацете често, користејќи сапун и вода, подолго од 1 минута, внимавајќи да ги опфатите сите делови од дланката и прстите.
- Избегнувајте близок контакт со болни лица или лица кои се вратиле од патување од земја со висок или среден ризик.
- Користете средства за дезинфекција или алкохолни марамчиња.
- При кашлање или кивање покријте ги носот и устата со марамче за еднократна употреба и веднаш потоа фрлете го на безбедно место. Доколку немате марамче, покријте ги носот и устата со рака свиткана во лактот.
- Следете ги препораките на Министерството за здравство и редовно информирајте се од надлежните институции за најновите вести и насоки.

Ул. Мајка Тереза бр. 17, Скопје,
Република Северна Македонија
Тел/факс + 389 (0)2 3 147 116

st. Majka Teresa 17, Skopje,
Republic of North Macedonia
Tel/fax + 389 (0) 2 3147 116